# Дневна хемеротека за *22.10.2015г.*

## МИА – *Годишната конференција на Македонската асоцијација за управување со отпад*

ЧЕТВРТОК, 22 ОКТОМВРИ 2015, 11:10:20

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### Годишната конференција на Македонската асоцијација за управување со отпад

Препорачај 0

среда, 21 октомври 2015 13:04




**Скопје, 21 октомври 2015 (МИА)** - Првиот чекор кон подобрување на состојбата со проблематичното и несоодветно управување со цврст отпад во Македонија е во размената на искуствата со земјите членики на ЕУ, истакна министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири во обраќањето на Годишната конференција на Македонската асоцијација за управување со отпад МаСВА на тема „Користење на отпад како инвестициска можност во Македонија".

- Одржувањето чиста и здрава животна средина е одговорност на сите. Од таа причина, и јас како прв човек на МЖСПП соработувам со сите вклучени носители на одлуки, како министерства, општини, со бизнис заедницата, а се со цел успешна имплементација на политиките за управување со отпадот во Република Македонија, рече Изаири и додаде дека активностите за спроведување на политиките ќе придонесат кон подобрување на

стандардите за управување со отпадот во Македонија.

Според него, ќе бидат потребни и значителни инвестиции. Затоа, вели, потребно е одржување на конференции и работилници каде ќе се изнајдат можности за искористување на отпадот, како ресурс и можност за одржлива инвестиција.

На новинарско прашање за дивите депонии во Македонија, министерот Изаири рече дека се започнати проекти со средства од ИПА фондовите во источниот и североситочниот регион на Македонија во кои е предвидено затворања на дивите депонии и осовремување на јавните комунални претпријатија за поефикасно справување со проблемите околу отпадот.

Претседателката на МаСВА Даниела Нелепа истакна дека во Македонија има благ пораст на отпадот. Според неа, јавно-приватните партнерстава се првите кои треба да ги спроведат решенијата за рециклирањето на отпадот, како што е стаклото, кожата , гуми...

- Македонија треба да ги погледне крајните решенија, дали ќе го раздвојува сувиот, органскиот или друг отпад, дури потоа ќе може да го најдете вашиот систем на одвојување. Не можете да го одвојувате отпадот без да ги знаете карајните решенија, препорача Доран Сафин од Израел, член на Меѓународната организација за цврст отпад.

Појасни дека тие во Израел имаат парк за рециклирање при што имаат повеќе решенија за преработка на отпадот. - Имаме простории каде што се рециклира и сувиот и влажниот отпад. Имаме голем објект за користење на отпадот за електрична енергија, а тоа го спроведуваат вработените односно одделенијата кои се задолжени за тоа да го направат на најефикасен начин да го искористат отпадот, додаде Сафин.

На конференцијата присуствуваа 14 странски експерти од областа, но и домашни и меѓународни научници, бизнисмени и претставници на локалните власти од земјите членки на ЕУ, кои во рамки на трите конференциски сесии, ги изнесоа своите гледишта за најновите научни и технолошки достигнувања во доменот на управување со отпад.бк/са/**13:03**

## Утрински – Отпадот, неограничен потенцијал за развивање бизнис

Утрински весник

### ОТПАДОТ, НЕОГРАНИЧЕН ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВИВАЊЕ БИЗНИС



**Искористувањето на отпадот е практика во развиениот свет и може да биде голема инвестициска можност и во Македонија**

Правилната употреба на отпадот може да биде голема инвестициска можност, бидејќи ѓубрето пружа неограничен потенцијал за развивање бизнис. Искористувањето на отпадот е веќе одамна востановена практика во развиениот свет. Најважно од с` е да постои волја и мотивација за такво нешто, но, пред се и висока свест. Ова беше потенцирано на конференцијата која денеска се одржа во Скопје насловена „Користење на отпад како инвестициска можност во Македонија“.

Конференцијата што ја организираше Македонската асоцијација за управување со цврст отпад- МаСВА се спроведуваше во три сесии посветени на воспоставување интегрирано управување со отпад во регионот на ЕУ, Медитеранот, Блиски исток и Југоисточна Европа, потоа искористување на отпадот како инвестициска можност во Македонија, како и Бизнис заедницата во обласа на управување со отпад. Во текот на трите сесии свое излагање имаа 14 интернационални и 4 домашни екперти и компании од доменот на управување со отпад.

Конференцијата ја отвори министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири кој рече дека се надева дека токму оваа конференција ќе придонесе во Македонија да зајакне секторот кој делува во управувањето со отпадот и дека ќе ги поттикне сите чинители од кои зависи успешната примена на поставените цели за подобрување на состојбите со отпадот.

„Првиот чекор во насока на подобрување на состојбите со отпадот е поврзувањето помеѓу земјите и размена на искуствата. Затоа ваквите конференции даваат голем придонес во напредокот на оваа проблематика и очекуваме конкретни резултати од денешнава конференција", рече Изаири.

Координаторот на Здружението на фламански градови и општини од Белгија, Кристоф Детлер истакна дека технологијата за поефикасно користење на отпадот одамна постои во развиените земји, а како пример ја посочи токму Белгија каде правилната употреба и искористувањето на отпадот има не само големи еколошки, туку и сосема солидни финансиски ефекти.

„Мојата земја Белгија е една од позитивните примери од кои можат да учат земјите кои се на пониско ниво на искористување на отпадот. Она што треба да ги мотивира да учат се нашите позитивни искуства и во поглед на екологијата и во поглед на финансиите. Низ сите овие години занимавање со оваа проблематика констатиравме дека навистина голем дел од земјите во светот фрлаат во вода огромни финансиски средства", рече Детлер. (Б.А.)

## Вест - Прво одлучете за што ќе го користите отпадот, а потоа рециклирајте

ВЕСТ www.vest.mk

СТРАНСКИТЕ ЕКСПЕРТИ ПРЕПОРАЧАА

### ПРВО ОДЛУЧЕТЕ ЗА ШТО ЌЕ ГО КОРИСТИТЕ ОТПАДОТ, А ПОТОА РЕЦИКЛИРАЈТЕ

Доран Сафин од Израел, член на Меѓународната организација за цврст отпад, рече дека Македонија прво треба да одреди дали ќе го раздвојува сувиот, органскиот или друг отпад и за што ќе се користи, па дури потоа се одлучи каков систем на селекција и преработка на отпадот ќе воведе.



Тој ова го кажа на годишната конференција на Македонската асоцијација за управување со отпад (МаСВА), која се одржа вчера, и на која главна тема беше користење на отпадот како инвестициска можност во Македонија.
"Не можете да го одвојувате отпадот, без да ги знаете крајните решенија", препорача Сафин.
Тој објасни дека во Израел имаат парк за рециклирање и оти имаат повеќе решенија за преработка на отпадот.
"Имаме простории каде што се рециклира и сувиот и влажниот отпад. Имаме голем објект за користење на отпадот за електрична енергија, а тоа го спроведуваат вработените, односно одделенијата кои се задолжени на најефикасен начин да го искористат отпадот", рече Сафин.
Даниела Нелепа, претседателка на МаСВА, рече дека во Македонија има благ пораст на отпадот. Според неа јавно-приватните партнерства се првите кои треба да ги спроведат решенијата за рециклирањето на отпадот, односно стаклото, кожата и гумите.
Нурхан Изаири, министер за животна средина, рече дека ќе бидат потребни значителни инвестиции за да се искористи отпадот како ресурс.
На конференцијата присуствуваа 14 странски експерти за отпад, домашни и меѓународни научници, бизнисмени и претставници на локалните власти од земјите - членки на ЕУ. (Е.А.)

## Вечер - *Потребни се големи инвестиции за да се подобри управувањето со отпадот*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА СПОРТ ВИ

ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# Потребни се големи инвестиции за да се подобри управувањето со отпадот

**Првиот чекор кон подобрување на состојбата со проблематичното и несоодветно управување со цврст отпад во Македонија е во размената на искуствата со земјите членики на ЕУ, истакна министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири во обраќањето на Годишната конференција на Македонската асоцијација за управување со отпад МаСВА на тема „Користење на отпад како инвестициска можност во Македонија".**



- Одржувањето чиста и здрава животна средина е одговорност на сите. Од таа причина, и јас како прв човек на МЖСПП соработувам со сите вклучени носители на одлуки, како министерства, општини, со бизнис заедницата, а се со цел успешна имплементација на политиките за управување со отпадот во Република Македонија, рече Изаири и додаде дека активностите за спроведување на политиките ќе придонесат кон подобрување на стандардите за управување со отпадот во Македонија.

Според него, ќе бидат потребни и значителни инвестиции. Затоа, вели, потребно е одржување на конференции и работилници каде ќе се изнајдат можности за искористување на отпадот,

како ресурс и можност за одржлива инвестиција.

На новинарско прашање за дивите депонии во Македонија, министерот Изаири рече дека се започнати проекти со средства од ИПА фондовите во источниот и североситочниот регион на Македонија во кои е предвидено затворања на дивите депонии и осовремување на јавните комунални претпријатија за поефикасно справување со проблемите околу отпадот.

Претседателката на МаСВА Даниела Нелепа истакна дека во Македонија има благ пораст на отпадот. Според неа, јавно-приватните партнерства се првите кои треба да ги спроведат решенијата за рециклирањето на отпадот, како што е стаклото, кожата , гуми...

- Македонија треба да ги погледне крајните решенија, дали ќе го раздвојува сувиот, органскиот или друг отпад, дури потоа ќе може да го најдете вашиот систем на одвојување. Не можете да го одвојувате отпадот без да ги знаете карајните решенија, препорача Доран Сафин од Израел, член на Меѓународната организација за цврст отпад.

Појасни дека тие во Израел имаат парк за рециклирање при што имаат повеќе решенија за преработка на отпадот. - Имаме простории каде што се рециклира и сувиот и влажниот отпад. Имаме голем објект за користење на отпадот за електрична енергија, а тоа го спроведуваат вработените односно одделенијата кои се задолжени за тоа да го направат на најефикасен начин да го искористат отпадот, додаде Сафин.

На конференцијата присуствуваа 14 странски експерти од областа, но и домашни и меѓународни научници, бизнисмени и претставници на локалните власти од земјите членки на ЕУ, кои во рамки на трите конференциски сесии, ги изнесоа своите гледишта за најновите научни и технолошки достигнувања во доменот на управување со отпад.

## Сител - *Годишната конференција на Македонската асоцијација за управување со отпад*

Првиот чекор кон подобрување на состојбата со проблематичното и несоодветно управување со цврст отпад во Македонија е во размената на искуствата со земјите члeники на ЕУ, истакна министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири во ...ж

## А1 Оn - *Конференција за користење на отпадот како инвестициска можност*

Македонската асоцијација за управување со цврст отпад – МаСВА денеска ќе одржи Годишна конференција на тема „Користење на отпадот како инвестициска можност во Македонија“. На отворањето на конференцијата ќе се обрати министерот за животна

## Курир - *Конференција на МаСВА за користење на отпадот како инвестициска можност*

Македонската асоцијација за управување со цврст отпад - МаСВА денеска ќе одржи Годишна конференција на тема „Користење на отпадот како инвестициска можност во Македонија“. На отворањето на конференцијата ќе се обрати министерот за животна средина и ...

## Орбис - *Годишна конференција на Македонската асоцијација за управување со цврст отпад- МаСВА за користење на отпадот како ...*

Македонската асоцијација за управување со цврст отпад – МаСВА утре ќе ја одржи Годишната конференција на тема „Користење на отпадот како инвестициска можност во Македонија“. На конференцијата ќе се одржат три презентации во кои ќе говорат 14

## Lider - *Годишна конференција на МаСВА за користење на отпадот како инвестициска можност*

Македонската асоцијација за управување со цврст отпад – МаСВА утре ќе ја одржи Годишната конференција на тема „Користење на отпадот како инвестициска можност во Македонија“. На конференцијата ќе се одржат три презентации во кои ќе говорат 14

## Точка - *Изаири на конференција за користење на отпадот како инвестициска можност*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири се обрати на отворањето на конференцијата на тема: "Искористување на отпадот како инвестициска можност во Македонија", која е во организација на Македонската Асоцијација за ...

## Макфакс - *Изаири на конференција за користење на отпадот како инвестициска можност*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири се обрати на отворањето на конференцијата на тема: „Искористување на отпадот како инвестициска можност во Македонија“, која е во организација на Македонската Асоцијација за

## Денар - *Изаири на конференција за користење на отпадот како инвестициска можност*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири се обрати на отворањето на конференцијата на тема: „Искористување на отпадот како инвестициска можност во Македонија“, која е во организација на Македонската Асоцијација за ...

## Денешен - *Годишната конференција на Македонската асоцијација за управување со отпад*

Првиот чекор кон подобрување на состојбата со проблематичното и несоодветно управување со цврст отпад во Македонија е во размената на искуствата со земјите членики на ЕУ, истакна министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири во ...

## MIA - *Konferenca vjetore e Asociacionit të Maqedonisë për menaxhim me mbeturina*

E ENJTE, 22 TETOR 2015, 11:43:32

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MUL

Ballina | Ekologji | Konferenca vjetore e Asociacionit të Maqedonisë për menaxhim me mbeturina

### Konferenca vjetore e Asociacionit të Maqedonisë për menaxhim me mbeturina

Recommend 0

E mërkurë, 21 Tetor 2015 2015-10-21 1:44:47.MD 13:44




**Shkup, 21 tetor 2015 (MIA)** - Hapi i parë drejt përmirësimit të gjendjes me menaxhimin problematik dhe joadekuat me mbeturina të forta në Maqedoni është në këmbimin e përvojave me vendet anëtare të BE-së, theksoi ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi në fjalimin në Konferencën vjetore të Asociacionit të Maqedonisë për menaxhim me mbetrina MaSVA me temë "Shfrytëzimi i mbeturinave si mundësi investimi në Maqedoni".

"Mirëmbajtja e mjedisit jetësor të pastërt dhe të shëndetshëm është përgjegjësi e të gjithëve. Nga këto arsye, edhe unë si njeri i parë i MMJPH-së bashkëpunoj me të gjithë bartësit e inkuadruar të vendimeve, si ministri, komuna, me biznes bashkësinë, ndërsa gjithçka me qëllim të implementimit të suksesshëm të politikave për menaxhim me mbeturina do të kontribuojnë drejt përmirësimit të standardeve për menaxhim me mbeturina në Maqedoni.

Sipas tij, do të nevojiten edhe investime të konsiderueshme. Për këtë arsye, thotë, nevojitet mbajtja e konferencave dhe punëtorive ku do të gjehen mundësi për përdorim të mbeturinave, si resurs dhe mundësi për investim të qëndruehsëm.

Në pyetjen e gazetarëve për deponitë e egra në Maqedoni, ministri Izairi tha se janë filluar projekte me mjete nga IPA fondet në rajonin lindor dhe verilindor të Maqedonisë në të cilët është paraparë mbyllja e deponive të egra dhe modernizim të ndërmarrjeve komunale publike për ballafaqim më efikas me problemet rreth mbeturinave.

Kryetarja e MaSVA Daniela Nelepa theksoi se në Maqedonia ka një rritje të vogël në mbeturina. Sipas saj, partneritet publike-private janë të parët që duhet të zbatojnë vendime për riciklimin e mbeturinave, siç është qelqi, lëkura, goma ...

"Maqedonia duhet t'i shikojë zgjidhjet përfundimtare, nëse do ta ndajë mbeturinën e thatë, organike apo të tjera, tek atëherë mund ta gjeni sistemin tuaj të ndarjes. Ju nuk mund të ndani mbeturinat pa i ditur zgjidhjet përfundimtare", porositi Doran Safin nga Izraeli, anëtar i Organizatës ndërkombëtare për mbeturinat e ngurta.

Ai shpjegoi se ata në Izrael kanë park për riciklimin duke pasur më shumë zgjidhje për përpunimin e mbeturinave. "Kemi objekte ku riciklohen edhe mbeturinat e thata edhe ato të lagështa. Kemi një objekt të madh për përdorimin e mbeturinave për energji elektrike, dhe atë e zbatojnë të punësuarit respektivisht departamenti përgjegjës për të bërë atë që në mënyrë më efikase t'i përdorin mbeturinat", shtoi Safin.

Në konferencë morën pjesë 14 ekspertë të huaj nga fusha por edhe shkencëtarë vendor dhe ndërkombëtar, biznesmenë dhe përfaqësues të autoriteteve lokale nga shtetet anëtare të BE-së, të cilët në kuadër të tre sesioneve të konferencës, i paraqitën pikëpamjet e tyre mbi arritjet më të reja shkencore dhe teknologjike në fushën e menaxhimit të mbeturinave.**ff/ nh/13:25**

## Idividi - *Konferenca vjetore e Asociacionit të Maqedonisë për menaxhim me mbeturina*

Hapi i parë drejt përmirësimit të gjendjes me menaxhimin problematik dhe joadekuat me mbeturina të forta në Maqedoni është në këmbimin e përvojave me vendet anëtare të BE-së.

**+инфо** - ***„Еко герила“: Специјалниот обвинител да го истражи загадувањето на Тетово***

+инфо®
www.plusinfo.mk
ПРЕЗЕМ



ECO GUERILLA

# „Еко герила“: Специјалниот обвинител да го истражи загадувањето на Тетово

Објавено во 18:20 21 октомври 2015 | Прочитано 268 | Печа

Share 4 Tweet 0

После долг молк на институциите како што се Јавното обвинителство во Тетово, Народниот правобранител, Министерство за животна средина и просторно планирање и Владата, движењето „Еко герила“ бара Специјалниот обвинител да го истражи загадувањете на 200.000 жители.

„Земајќи во предвид дивеењето на Југохром во однос со Владата и фактот дека се спомнува во “Бомба 28“, ние бараме и веруваме дека е должност на Специалниот обвинител да го истражи случајот, за кој мислиме и знаеме дека е многу сериозен и со долгорочни последици за здравјето на идните генерации“, се наведува во соопштението испратено до медиумите.

Од Еко герила прашуваат како може Југохром постојано да ги продолжува роковите за инсталирање на филтрите, колку дозволи му се дадени, на основа на кои критериуми, дали е дадено мито и на кого, зошто не е запрено производството додека не се инсталираат филтрите, кко што беше случајот со Макстил.

## Tetova Sot - *Prokurori special të hetojë edhe rastin “JUGOHROM”*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

FILLIMI | LAJME | KRONIKA E ZEZË | SPORT | TEKNOLOGJI | SHOWBIZ | ARGËTIM

# Prokurori special të hetojë edhe rastin “JUGOHROM”




in Maqedoni 21/10/2015

Pas heshtjes së gjatë të institucioneve siç janë Prokuroria Publike në Tetovë, Avokati i Popullit, Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapsinor dhe Qeveria në përgjithësi, ne Lëvizja Eco Guerilla njoftojmë opinionin se jemi të detyruar që sërish t'u kthehemi aktiviteteve tona me qëllim që të detyrojmë institucionet që të zbatojnë ligjet dhe të mbrojnë mbi 200 mijë qytetarët nga helmimi masiv që po shkakton fabrika e Jugohromit dhe faktorët tjerë në rrethin e Tetovës.

Duke marrë parasysh kapadahillëkun e Jugohromit në raport me Qeverinë dhe faktin se përmendet në "Bombën e 28-të", ne kërkojmë dhe besojmë se është obligim i Prokurorit Special të hetojë edhe këtë rast, për të cilin NE MENDOJMË SE ËSHTË SHUMË SERIOZ DHE ME PASOJA AFATGJATE ndaj shëndetit të gjeneratave të tëra. TOLERIMI I JUGOHROMIT NUK DUHET TOLERUAR NË ASNJË MËNYRE.

Andaj, presim nga Prokurori Special të hetojë dyshimet për mënyrën e pajises me leje të Jugohromit dhe vazhdimit të të njëjtave, duke mos zbatuar asnjë plan të propozuar nga menaxhuesit e saj.

Prokurori Special është i obliguar të hetojë këtë rast nga Marrëveshja e 2 Majit, por edhe opinioni patjetër të dijë përgjigjet e pyetjeve:

1. Si mund që Jugohromi të vazhdojë afatet për instalimin e filtrave deri në pafundësi, duke mos dhënë asnjë llogari institucioneve?
2. Sa leje i janë dhënë, në bazë të cilave kritere dhe cilët ministra kanë nënshkruar ato leje? A është dhënë ryshfet dhe kujt?
3. Pse nuk u ndalë prodhimi deri në vendosjen e filtrave, siç ndodhi me 'Makstil'?
4. Pse institucionet shëndetësore nuk japin të dhëna lidhur me rritjen e rasteve të vdekjes nga kanceri , të sëmundjeve në organet e frymëmarrjes, në Tetovë dhe rrethinë?
5. Kush përfiton nga helmimi që shkakton Jugohromi dhe sa është ky fitim i tyre?
6. Si është e mundur që Jugohromi, edhe përskaj thyerjes së ligjeve dhe ndotjes alarmante, si gjobë të paguaj një shumë simbolike prej disa qindra eurosh? Pse Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapsinor nuk e gjobit në bazë të ligjit, ashtu siç ndodh me kompanitë tjera private?
7. Pse pjesa më e madhe e deputetëve nga zona e Tetovës nuk kanë ngritur zërin ndaj helmimit masiv të banorëve që përfaqësojnë?
8. Pse deri më tani ka heshtur Avokati i Popullit, i cili ka obligim ligjor e kushtetues të mbrojë qytetarët e rrezikuar të Tetovës dhe komunave përreth?

U BËJMË APEL QYTETARËVE QË TË MBËSHTESIN NË TË GJITHA FORMAT AKTIVITETET TONA NË VAZHDIM, ME QËLLIM TË ARRITJES SË QËLLIMIT TONE MJAFT HUMAN. Gjithashtu, i vihemi në dispozicion Prokurorit Special për çdo asistencë të mundshme nga ne si Lëvizje, me qëllim që përgjegjësit e helmimit dhe tregëtarët e shëndetit tonë të marrin burgun e merituar.

## **Portalb -** ***Lëvizja Eco Guerilla: Prokurori special të hetojë edhe rastin "Jugohrom"***

Pas heshtjes së gjatë të institucioneve siç janë Prokuroria Publike në Tetovë, Avokati i Popullit, Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor dhe Qeveria në përgjithësi, Lëvizja Eco Guerilla njofton opinionin se

## Денар - [Еколошки дилеми за хидро електричните централи Бошков Мост и Луково Поле во националниот парк Маврово и нивното ...]

ДЕНАР

# Еколошки дилеми за хидро електричните централи Бошков Мост и Луково Поле во националниот парк Маврово и нивното влијание врз обезшумувањето



Време: 20:25

Датум: октомври 21, 2015

Категорија: ЕКОНОМИЈА

Ми се допаѓа Сподели 3

Follow @DenarMk 1,286 followers

**Во рамките на проектот „Воспотавување на механизам за набљудување на состојбите во животната средина во Македонија, Бугарија, Романија и Молдавија“ поддржан од Зелената Европска Фондациа, а во организација на Здружението за одржлив социо-економски развој „Изгрејсонце“, беше одржана меѓународна трибина со наслов „ Еколошки дилеми за хидро електричните централи Бошков Мост и Луково Поле во националниот парк Маврово и нивното влијание врз обезшумувањето“ .**

По презентацијата на резултатите од истражувањето на новинарите во Македонија, Бугарија, Романија и Молдавија вклучени во проектот и опсежната дискусија беа донесени следниве заклучоци:

- За населението и индустријата, потребата од енергија и изградба на нови енергетски капацитети е повеќе од евидентна.
- Имплементацијата на мерки за енергетска ефикасност е најбрзиот одговор. За нивно спроведување потребни се неколку законски измени со кои ќе се стимулира енергетската ефикасност, пред се во домаќинствата, а за индустрискиот сектор обезбедување на поволни комерцијални кредити со ниска каматна стапка.

- Изградбата на нови енергетски капацитети е повеќе од потребна, но акцентот мора да се стави на обновливите извори на енергија, пред сè на сонцето и биомасата, а како дополнителна алтернатива секако и природниот гас.
- Кога станува збор за хидроелектричните централи, треба да се биде многу внимателен и да се одбираат и спроведуваат проекти со најмало влијание врз природата, бидејќи светските искуства покажуваат дека се создадени големи и ненадоместливи штети како врз животната средина, така и врз луѓето.



Како препораки од истражувачкиот тим произлегоа следниве препораки:

- Државните органи строго да ги почитуваат законските одредби кога станува збор за заштитата на животната средина и да воведат масимален степен на имуност кон бизнис интересите кои се штетни по природата, здравјето на луѓето и нарушувањето на и онака кревката социјална и економска состојба.
- Ревизија на Стратегијата за енергетика и ставање акцент на обновливите извори на енергија, особено сонцето, биомасата, геотермалната енергија и ветерот. Ова и во насока на исполнувањето на критериумите за намалување на емисиите на стакленички гасови.
- При изработката на проектите кои се од значење за државата или општините, не смее да се занемарат интересите локалното население.
- Водење на отворена постапка со широко информирање на локалното население, невладините организации, стручни лица и научни институции за придобивките, но и негативните влијанија од озведбата на преоктите
- Јасна и недвосмислена потреба од воспоставување на вон институционален волонтерски контролен механизам (составен од локално население, невладини организации, стручни лица, научни институции, медиуми и политички субјекти) за контрола од опасностите по животната средина, здравјето на луѓето и нарушувањето на социјалните и економските врски во одреден регион.

## Fox.mk - Еколошки дилеми за хидро електричните централи Бошков Мост и Луково Поле во националниот парк Маврово и нивното ...

Во рамките на проектот „Воспотавување на механизам за набљудување на состојбите во животната средина во Македонија, Бугарија, Романија и Молдавија“ поддржан од Зелената Европска Фондациа, а во организација на Здружението за одржлив социо-

## Економија24 - [Највисока награда за заштита на животната средина за Цементарница УСЈЕ]

**ЕКОНОМИЈА24**

# НАЈВИСОКА НАГРАДА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ

21/10/2015




Признанија за општествена одговорност на претпријатијата 2015.

За резултатите од имплементацијата на проектот „Намалување на емисиите во воздухот" Цементарница УСЈЕ ја доби годинешната награда за општествено одговорно делување во категоријата „Заштита на животната средина".

Проектот за кој УСЈЕ го доби годинешното највисоко национално признание за општествено одговорно делување ги верификува напорите на компанијата во натамошно намалување на емисиите на азотни оксиди (NOx) во воздухот. Имено, иако влијанието на УСЈЕ во однос на емисиите во воздухот, вклучувајќи ги и азотните оксиди, се под законски утврдените граници, компанијата, во текот на 2014-та година, инвестираше во нова современа технологија и дополнителна опрема со која се овозможи дополнително намалување на емисиите на азотни оксиди за повеќе од 20% на годишно ниво.

„Оваа награда на најдобар начин ја отсликува почитта на УСЈЕ кон вредностите и интересите на заедницата и посветеноста кон принципите за одржлив развој, при што посебно внимание обрнуваме на заштитата на животната средина. Фактот што шеста година по ред добиваме признанија во различни категории, говори за континуираниот и пред сè стратешки пристап на нашата компанија на полето на општествената одговорност. Оваа награда ја добиваме во исклучително важен момент за нашата компанија која годинава прославува 60 години од почетокот со работа. Таа ни дава дополнителен мотив да продолжиме во остварување на нашите деловни цели на етички и општествено одговорен начин“, изјави главниот извршен директор на Цементарница УСЈЕ Борис Хрисафов, кој истовремено управува и со одборот за корпоративна општествена одговорност на компанијата.
Ова, за Цементарница УСЈЕ е второ национално признание за општествена одговорност во областа на заштитата на животната средина. Претходните години компанијата беше наградувана и за реализираните проекти во областа на односите со вработените и унапредувањето на пазарот.

Во делот на заштитата на животната средина, Цементарница УСЈЕ уште од 2006-та година е сертифицирана во Системот за управување со животната средина ISO 14001:2004, а во 2011-та година ја доби и А – инегрираната еколошка дозвола, што ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Инаку, Цементраница УСЈЕ од 2008-та година е потписничка и членка на Глобалниот договор на Обединетите нации (ОН) што ја обврзува да ги почитува принципите на општествено одговорно делување во областите на заштитата на животната средина, човековите и работничките права, антикорупциското делување и коропративното управување и лидерство.

За своите напори и активности во сферата на одржливиот развој, управување со животната средина и општествено одговорното делување, компанијата, почнувајќи од 2010-та година објавува сеопфатен годишен извештај кој годинава за првпат доби и меѓународна верификација за напредно ниво од страна на специјализирана меѓународна ревизорска агенција за проверка на ваков вид извештаи.

Целиот извештај за корпоративна општествена одговоност и одржлив развој на Цементраница УСЈЕ за 2014-та година е достапен на интернет страницата www.usje.com.mk

## Капитал - Макстил добитник на две награди за општествена одговорност

КАПИТАЛ...
Сите ние живееме во време кога ...само идејата е Капитал, сè друго е пари...

# МАКСТИЛ ДОБИТНИК НА ДВЕ НАГРАДИ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Објавено на 22 октомври 2015, 09:55 од **Редакција на Капитал** во **Компании**

**Макстил е награден во категориите „Етичко управување" и „Заштита за животната средина"**

Компанијата Макстил АД Скопје е добитник на две награди за општествена одговорност кои вчера беа доделени од страна на националното Координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата и Министерството за економија.

Во конкуренција од 34 претпријатија кои конкурираа со 50 проекти, Макстил ја доби статуетката во категоријата „Етичко управување" , а добитник е и на плакета во категоријата за „Заштита на животната средина".

Националната награда статуетка, Макстил ја доби за проектот „Сертифицирани за социјална одговорност согласно стандардизираните етички принципи од меѓународниот стандард SA 8000". Макстил има стратешки пристап кон општествената одговорност и има донесено Декларација за ОО; Етички кодекс; Програма со мерки и активности 2013-2015; издава Билтени. Компанијата ја заврши и постапка за имплементирање на Стандардот за севкупна општествена одговорност ИСО 26000 и изврши верификација по овој стандард, а сертифицирана е според стандардот за социјална одговорност SA 8000.

Националната награда плакета пак, Макстил ја доби за проектот *„Систем за прифаќање на примарни и секундарни емисии"*, кој има за цел заштита на амбиенталниот воздух од прашина, гасови, тешки метали и други загадувачи, инсталиран е нов систем за отпрашување и целосно затворање на производната хала, со што е постигната емисија далеку под дозволените граници со регулативи.

Министерот за економија, Беким Незири кој ги додели наградите посочи дека концептот на општествена одговорност станува составен дел на работењето на деловните субјекти во земјава по примерот на европските.

„Целта на Националната награда е да промовира позитивни практики на општествено одговорно делување и да даде инспирација за воведување и натамошно унапредување на општествената одговорност кај претпријатијата во Македонија. Колку сме успеале во тоа говори фактот што во овие осум години претпријатијата пријавија речиси 500 квалитетни општествено одговорни практики, со кои ја покажаа својата посветеност и грижа за општеството и животната средина", рече тој.

## Фактор - [Адора инженеринг со две национални награди за најдобри ООП во 2014 за заштита на животната средина и вложување во ...]

ФАКТОР
коментарите се слободни, фактите се свети

# Адора инженеринг со две национални награди за најдобри ООП во 2014 за заштита на животната средина и вложување во заедницата

октомври 21, 2015

Tweet 0 Like 1 Share 1 G+1 0 Share

Градежната компанија Адора инженеринг доби две национални признанија на денешното доделување на наградите за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија во 2014-та година на 8-та манифестација што се одржа во Скопје во организација на Министерството за економија и националното Координативното тело за општествена одговорност. Компанијата-градежен лидер во Македонија, наградена е со две признанија за долгорочните проекти: „Вложуваме во општините за доброто на граѓаните" – Духовен храм православна црква Свети Јован Крстител и „Заедно градиме поздрава иднина"-Енергетски ефикасни домови А-класа, во категориите Вложување во заедницата и Заштита на животната средина кај малите и средни претпријатија. Наградите, доделени во конкуренција на 34 претпријатија и 50 проекти, за Адора инженеринг се потврда дека е на вистинскиот пат во намерата да помогне во изградба на похумано, поздраво и посреќно општество со еднакви можности за сите граѓани, како и одговорност и стимул да продолжи со унапредување на општествено одговорните проекти во иднина.

„Со изградбата на енергетски ефикасни домови како пионери во Македонија, започнавме пет години пред донесувањето на законската регулатива за енергетска ефикасност, први ги изградивме станбените објекти со енергетска ефикасност и сертификат А-класа, кои секоја година ги усовршуваме со нови технолошки решенија, со енергетска и звучна изолација според европските стандарди, што далеку ги надминува македонските прописи. Од нашите еко домови, за кои досега имаме добиено пет национални признанија, најголема придобивка имаат станарите со големите заштеди во потрошувачката на електрична енергија и пари за греење и ладење, со што во голема мера се заштитува и животната средина". – порача Душко Чифлиганец, заменик генерален директор во Адора инженеринг.




„Адора инженеринг како општествена одговорна компанија со богата традиција, досега има добиено четири награди за вложување во заедницата, оставајќи вредни дела во сите општини каде гради објекти. Со духовниот храм Свети Јован Крстител во Ново Лисиче, општина Аеродром, Скопје, каде имаме најголеми инвестиции и Спомен обележјето за Водици во Охрид, што е една од најфотографираните атракции во градот на УНЕСКО, подигнати во 2014-та година, сакавме да им возвратиме за довербата на купувачите со нови содржини за поквалитетен живот на сегашните и идните генерации", порача д-р Драгана Чифлиганец, извршен директор во Адора инженеринг.

Компанијата, членка на Глобалниот Договор на ООН, која досега има добиено 11 национални награди за најдобри ООП, сега и преку фондацијата проф. д-р Ванчо Чифлиганец, постојано ги поддржува своите вработени, купувачите, студентите, ранливите категории граѓани, спортот, науката, културата и заедницата во целина.